Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2007 година.

Бр. 07-697/1
12 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 100/2005) во членот 126 алинеја 3 зборовите: "извршен директор" се заменуваат со зборовите: "работоводен орган".

Член 2

Во членот 131 став 1 зборовите: "извршниот директор на МРТ и заменикот на извршниот директор" и во членот 138 алинеја 5 зборовите: "извршниот директор на МРТ и заменикот на извршниот директор на МРТ" се заменуваат со зборовите: "работоводниот орган на МРТ".

Член 3

Во членот 133 став 1 алинеја 2 и во членот 134 став 7 зборовите: "извршниот директор" се заменуваат со зборовите: "работоводниот орган".

Член 4

Членот 140 се менува и гласи:

"Со работењето на МРТ раководи работоводен орган кој се состои од две лица, подеднакво одговорни за работењето на МРТ и за обврските што ги преземаат во правниот промет.

Членовите на работоводниот орган имаат заменици.

Членови на работоводниот орган и нивните заменици можат да бидат домашни или странски физички лица кои ќе понудат најквалитетна програма за работа на МРТ.

Членовите на работоводниот орган и нивните заменици, покрај условите од ставот 3 на овој член треба да ги исполнуваат и следниве услови:

- да имаат универзитетско образование,

- да имаат најмалку пет години работно искуство во областа на радиодифузијата или најмалку петгодишно работно искуство како успешни менаџери и
- познавање на прописите од областа на радиодифузијата.

За член на работоводен орган и негов заменик не може да биде избран член на Советот на МРТ и на Управниот одбор на МРТ.

Членовите на работоводниот орган и замениците ги избира Управниот одбор на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа на МРТ. Членовите на работоводниот орган и замениците ги разрешува Управниот одбор на МРТ.

Постапката за избор и разрешување на членовите на работоводниот орган и замениците се утврдува со Статутот на МРТ."

Член 5

По членот 140 се додава нов член 140-а, кој гласи:

"Член 140-а

Член на работоводниот орган и заменик член може да биде разрешен во следниве случаи:

1) на негово барање;

2) во случај на долготрајна тешка болест која го спречува во извршувањето на обврските;

3) ако не работи и постапува според овој и друг закон, Статутот и другите акти на МРТ или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив и

4) ако со својата несовесна и неправилна работа предизвикува значителна штета на МРТ или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во извршувањето на дејноста на МРТ. "

Член 6

Во членот 141 воведната реченица се менува и гласи: "Работоводниот орган:".

Член 7

По членот 141 се додава нов член 141-а, кој гласи:

"Член 141-а

Актите и финансиските документи од надлежност на работоводниот орган ги потпишуваат двајцата членови, а во нивно отсуство нивните заменици.

Доколку актот и финансискиот документ од ставот 1 на овој член не е потпишан од двајцата членови на работоводниот орган или нивните заменици во рок од пет дена, Управниот одбор на МРТ ги донесува во наредните три дена."

Член 8

Во насловот на Главата ХВИ зборовите: "Казнени одредби" се заменуваат со зборовите: "Прекршочни одредби".

Член 9

Во членот 166 став 1 во воведната реченица зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од 6.000.000 денари ќе се казни" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 40.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот 3 зборовите: "Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот 1 на овој член и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на ".

Во ставот 4 зборовите: "Со парична казна од 1.000.000 денари ќе се казни" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 16.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Ставот 5 се брише.

Во ставот 6 зборовите: "паричната казна му се изрекува и мерка на безбедност забрана" се заменуваат со зборовите: "глоба му се изрекува и санкција привремена забрана".

Во ставот 7 зборовите: "паричната казна му се изрекува и мерки на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од три месеца до една година" се заменуваат со зборовите: "глоба му се изрекува и санкција привремена забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење од една година до две години".

## Член 10

Во членот 167 став 1 во воведната реченица збороите: "Со парична казна од 100.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе се изрече на".

Ставот 3 се брише.

## Член 11

Во членот 173 став 3 зборовите: "во рок од шест месеци" се заменуваат со зборовите: " во рок од 12 месеца".

## Член 12

Статутот на МРТ ќе се усогласи со одредбите на овој закон најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 13

Постојниот извршен директор и заменикот извршен директор на МРТ продолжуваат со работа до изборот на новиот работоводен орган согласно со овој закон.

## Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".